VIATRIS

За потребите на **фармацевтската компанија VIATRIS**, се распишува оглас за вработување за:

**МЕДИЦИНСКИ ПРЕТСТАВНИК**

Во VIATRIS™ ја гледаме здравствената заштита не онаква каква што е, туку таква каква што треба да биде. Ние дејствуваме храбро и се позиционираме на уникатен начин со цел да бидеме извор на стабилност во светот во кој континуирано се развиваат потребите за здравствена заштита.
VIATRIS™ им дава моќ на луѓето ширум светот да живеат поздраво во секоја фаза од животот.

## Тоа го правиме преку:

- Пристап – обезбедување висококвалитетни лекови без разлика на околностите или географската положба
- Лидерство – унапредување на одржливи процеси и иновативни решенија за подобрување на здравјето на пациентите
- Партнерство - искористување на нашата колективна експертиза за поврзување на луѓето со производи и услуги.

## Опис на работно место:

Секој ден се соочуваме со предизвиците како да направиме разлика и унапредување. Еве како медицинскиот претставник може да има влијание;

главните одговорности вклучуваат:

- претставување на VIATRIS™ на професионален начин во согласност со имиџот на компанијата, обезбедувајќи активности во согласност со правните и етичките стандарди
- спроведување на планиарани маркетинг активности
- развивање на долгорочно партнерство со клиентите на компанијата
- следење на трендовите и активностите на пазарот во Р.С.Македонија и обезбедување повратни информации и увид на менаџерот
- организирање и извршување на локални семинари и работилници за здравствените работници.
- навремено, точно и детално известување за активностите

## Потребни квалификации:

- ВСС од областа на фармацевтски, медицински или стоматолошки факултет
- пожелно е минимум 2 години работно искуство на иста позиција
- одлично познавање на деловен Англиски јазик
- одлично познавање на MS Office (Excel, Word, Power Point)
- возачка дозвола (Б категорија) со возачко искуство

## Потребни вештини:

- одлични вештини во поглед на планирање и организација
- способност за самостојно и независно работење
- способност за справување со стресни и конфликтни ситуации
- работа во тим
- прецизност, точност, аналитичен пристап во работењето
- деловен и професионален однос
- одлични комуникациски, презентирачки и преговарачки вештини

Во VIATRIS™ нудиме конкурентни плати, бенефиции и инклузивна средина каде што можете да ги искористите вашите искуства, перспективи и вештини за да помогнете да влијаете врз животите на другите.

Доколку објавената позиција ја сметате за добра можност за Вашиот професионален развој, Ве молиме да испратите мотивациско писмо и професионална биографија (CV), најдоцна до 21.04.2024 година, на следната e-mail адреса: elena.bonevska@viatris.com. Документите ќе бидат разгледани во полна дискреција.

Само апликациите кои ќе влезат во потесен круг, ќе бидат контактирани.

Во очекување сме на Вашите апликации!